# Програма за е-учење

# Задолжителна тарифна информација

## Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Цели на учење

На крајот од 60 минутниот курс, ќе научите за:
- што е Задолжителна тарифна информација (ЗТИ) и зошто постои;
- што е Комбинирана номенклатура КН;
- фаза на поднесување на барање за ЗТИ;
- прифаќање на барањетsо за ЗТИ;
- процес на донесување на одлука за ЗТИ;
- процес на донесување на одлука за ЗТИ;
- употреба на ЗТИ одлуката во процес на царинење.

## 2 ЗТИ и Комбинирана номенклатура

### 2.1 Заедничка царинска тарифа (ЗЦТ)

- Униформна примена на царинско законодавство во унијата, кое го вклучува и ЦЗУ, е основа за непречено функционирање на царинската унија и на Европската унија бидејќи тоа ги дефинира димензиите на зедничкиот пазар.
- ЗТЗ е надворешна тарифа која се применува на производите при увоз на царинското подрачје на територија на Унијата.

### 2.2 Комбинирана номенклатура (КН) и Хармонизиран систем (ХС)

- **ЗТЗ е базирана на Комбинираната номенклатура (КН), која пак е базирана на Хармонизираниот систем (ХС).**
- **Хармонизираниот систем (ХС) на ознаки и описи е систематизирана листа на ознаки**, кој се применува од страна на многу трговски земји и е основа за меѓународните трговски договори. Тој исто така се употребува за собирање на статистички трговски податоци.
  - Тој е составен од шест цифрен тарифен подброј менаџиран од страна на Светска Царинска организација (СЦО).
- КН е метод на означување на стоки и собирање на внатрешни статистички трговски податоци во Европската Унија. Кога се пријавуваат за царинење на царинското подрачје на Европската Унијата, стоките мора да се распоредат согласно КН номенклатурата.
  - КН исто така вклучува и воведни одредби, дополнителни забелешки кон оддели и глави и фусноти поврзани со КН подброевите.

- Секој КН подброј се состои од осум цифрен број, КН ознака, на која се надоврзува описот и царинската стапка.
- КН е управувана од страна на Европската Комисија.

## 2.3 ТАРИК

- **ТАРИК, интегрираната тарифа на Европската Унија, е повеќејазична база на податоци која ги интегрира мерките поврзани со ЗЦТ, како што се трговските мерки и мерките на земјоделската политика.**
- Со интегрирање и кодирање на овие мерки, ТАРИК овозможува нивна униформна примена од страна на земјите-членки а на економските оператори им овозможува добар увид на сите мерки што се треба да се превземат кога се увезуваат или извезуваат стоките на царинското подрачје Европската Унија.
- ЗТИ одлуките може да се издадат и со ТАРИК ознаки, на кои се применуваат одредени мерки.
- ТАРИК се надоградува на КН ознаките и има од 10 до 24 цифри.
- TARIC базата на податоци е управувана од страна на Европската комисија која објавува дневна верзија на официјалната интернет старна на ТАРИК.

## 2.4 Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)

- **Концептот на ЗТИ е наменет да обезбеди униформна примена на царинската легислатива а осбено распоредување на стоки**.
- ЗТИ е одлука што ја издаваат органите во земјите-членки на барање на економските оператори, и се здобиваат со правна сигурност во однос на распоредувањето на своите стоки. Ова е значајно бидејќи тарифното распоредување е основа за определување на царинските давачки, извозните субвенции и за примена на било која друга царинска давачка (како на пример антидампинг давачка).
- Одлуката за ЗТИ е задолжителна за сите земји-членки како и за имателот.
- ЗТИ има важност низ целата територија на унијата, вклучувајќи ја земјата-членка која ја издала.
- ЗТИ одлуката има **важност од 3 години** (освен ако не е издаеена пред Мај 2016 кога важноста беше 6 години)
- Одлуката за ЗТИ може да се **примени во царинските постапки**. Бидејќи е задолжителна за имателот, ЗТИ мора се поднесе во царинските постапки.
- ЗТИ одлуките кои се издадени од националните царински органи се внесуваат во **базата на податоци на Задолжителна тарифна информација на Европска Унија (EBTI)** управувана од страна на Европската комисија. EBTI системот е достапен само за администрациите на земјите-членки кои издаваат ЗТИ и на мал број на овластени службени лица во Европската комисија.
- Исто така има јавна верзија на системот каде се достапни сите важечки ЗТИ одлуки без доверливите податоци за консултација.

## 3 ЗТИ одлуките - фаза пред поднесување

- пред да се поднесе барање за издавање на ЗТИ, економскиот оператор може да побара информација за царинското законодавство, вклучувајќи и информација за распоредување на стоките, усно или во пишана форма, од царинската администрација. **Примениот совет не е задолжителен.**
- каде е можно, сите битни информации за стоките, како лабораториски извештаи се собираат пред ставање во апликацијата.

## 4 ЗТИ одлуката – процес на прифаќање на барањето

- Барателот доставува пополнет образец на барањето:
  - Во рок од **7 дена** од приемот на поплнетото барање царинскиот орган известува дека задолжителните полиња се пополнети. Доколку образецот е точно пополнет царинскиот орган ја став информацијата достапна на EBTI системот и таа добива број од апликацијата.
  - **Приемот на барањето е потврден.**
  - По приемот на барањето царинскиот орган има **30 дена** да го **прифати барањето за ЗТИ.**
- Царинскиот орган проверува дали:
  - барателот има ЕОРИ број,
  - барањето ги содржи сите потребни информации.
  - барањето е поднесено до Земја членка каде барателот е регистриран или каде ЗТИ ќе се применува.
  - Барателот е засегнат за дадениот вид на стока.
  - Доколку е тоа возможно, царинскиот орган ќе ги **побара дополнително** од подносителот сите информации кои се потребни, кои тој треба да ги **обезбеди** во рок од **30 дена**.
- Доколку сите услови се исполнети, подносителот ќе биде известен за прифаќањето на барањето.
- Доколку некој од условите не е исполнет, подносителот ќе биде известен дека царинскиот орган не е во можност да ја издаде одлуката за ЗТИ.

## 5 ЗТИ одлука – процес на издавање

- Кога еднаш барањето ќе се прифати, царинскиот иорган има **120 дена** да ја издаде ЗТИ одлуката и барателот треба да биде известен кога овој период започнува.
- Кога барањето ги содржи сите потребни информации, тие информации ќе бидат анализирани **со цел да се одлучи за тарифното распоредување на стоката**. Ова мора да се направи во текот на овие 120 дена.
- Во исклучителни случаи, тој период може да биде продолжен.
- Откако еднаш одлуката за ЗТИ ќе биде донесена, одлуката за ЗТИ ќе биде

**објавена во EBTI базата на податоци подносителот ќе биде известен.** Барателот ќе биде информиран и ќе стане имател на ЗТИ одлука.

- Доколку царинскиот орган не успеал да ги реши различните мислења во поглед на распоредувањето во период од максимум 90 дена, тогаш предметот ќе се поднесе до комисијата.
- Доколку Европската Комисија утврди неточни или неусогласени одлуки, Комисијата без одлагање ќе ги извести царинските органи за прекинот на донесување на ЗТИ одлука за стоки за кои распоредувањето не е униформно.
- **Имателот има право да поднесе жалба против одлуката за ЗТИ.** Но за разлика од другите одлуки, нема право да го изнесе своето мислење пред да се издаде ЗТИ одлуката

## 6 ЗТИ одлука – процес на управување

- Откако ќе се донесе ЗТИ одлука, таа може да се поништи, укине или отповика пред периодот на нејзината важност од 3 години. Одлуката за ЗТИ може да биде заменета.
- **Поништете** ја одлуката за ЗТИ:
  - Царинскиот орган ќе ја поништи одлуката за ЗТИ ако одлуката била донесена врз база на неточни или недоволно податоци доставени од подносителот.
  - Имателот на одлуката има право да биде сослушан пред поништувањето на одлуката за ЗТИ.
  - Поништувањето ќе стапи на сила од денот на стапување на одлуката за поништување.
- **Престанок на важност**:
  - ЗТИ одлуката ќе престане да важи доколку не е повеќе во согласност со законските акти како резултат на
    - усвојување на измени на КН номенклатурата или друга релевантна номенклатура;
    - Усвојување на мерките за утврдување на тарифното распоредување на стоките.
  - Одлуката за ЗТИ ќе престане да важи во моментот кога нема повеќе да соодветствува со законодавството.
- **Отповикување** на ЗТИ одлука:
  - ЗТИ може да се отповика доколку не е повеќе во согласност со КН или друга важечка номенклатура.
  - Имателот на одлуката има право да биде сослушан пред поништувањето на одлуката за ЗТИ.
  - Царинскиот орган донесувајќи одлука за ЗТИ ја известува земјата-членка преку EBTI системот во рок од 7 дена од датумот на кој одлуката за ЗТИ е повлечена.
  - Комисијата може да ги усвои одлуките на земјите членки за повлекување на ЗТИ одлуките, за да обезбедат точно и униформно тарифно распоредување на стоките.
  - Повлекувањето стапува на сила согласно околностите како што е дефинирано во законодавството.

- Кога одлуката за ЗТИ е повлечена, имателот на одлуката може да се упати да поднесе барање за продолжена употреба. Целта на концесијата е да спречи економските оператори да бидат негативно погодени од околностите на кои немаат контрола.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или*